# **С Т А В**

## **материјално–правни и формално–правни аспекти на неизменливоста на називот и автокефалниот статус на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија (МПЦ – ОА)**

Различните теории во однос на природата и границите на легитимното канонско/правно и уставно толкување за постапката за доделување автокефалност, нѐ поттикнаа да изложиме неиновативна и некреативна интерпретација – да се базираме на канонско–правен и уставен оригинализам при произнесувањето на предметот на толкување, како личен став

(I) против „интра“ (во МПЦ – ОА) и „интер“ унилатералноста (во Православието/Цариградската Патријаршија) – несоборноста при одлучувањето

(II) неуставност, неканоничност (незаконитост) и нееклисиологичност на Предлогот од Цариградската Патријаршија за бришењето на називот (persona ficta/правно лице) „Македонска Православна Црква“ од целосниот уставен назив/титулар МПЦ – ОА, како и од нејзина страна оспорувањето на законитиот акт/Одлука/Томос издаден од Српската Православна Црква (СПЦ), со којшто СПЦ ѝ признава автокефалност на МПЦ – ОА под целосниот уставен назив и со сите права,

којшто баравме да биде земен на разгледување на материјална расправа и распит, **во Пленарен состав на Светиот Архијерејски Синод (САС) на редовно заседание во октомври**, согласно чл. 25 ст. 1 од Уставот на МПЦ – ОА. Истиот овој Став, откако ќе подлежи на материјална расправа во САС, треба да произведе императивна норма (когентна/задолжителна) – предлог Одлука до Архиепископскиот Црковно–Народен Собор, како јудициелна Одлука којашто ќе го регулира прашањето каде доминира „црковен/јавен/народен/општ/државен интерес“ и којшто е од значење за самата организација и функционирањето на МПЦ – ОА, а таа Одлука ќе ја оспори Одлуката на Цариградската Патријаршија како орган којшто нема правен основ да поведе управен спор против називот и автокефалноста на МПЦ – ОА.

Што и да се каже друго за неспорната автокефалност и неспорното право за самоопределување на називот на МПЦ – ОА, освен дека онаму каде што постои закон (Устав), нашето однесување е предмет на различни форми на ограничување; посебно за оригиналните намери за постоењето Македонска Црква (правен следбеник на Охридската Архиепископија) на оние конституционалисти (конституционални соборјани) што живееле во времето на усвојувањето на Првиот Устав. Вкоренетата природа на уставите имаат тенденција да бидат силно бранети, затоа a priori, а врз основа на Одлуката од Постојаниот Свет Синод на Црквата на Грција, на 165 Синодски период, од 8–9 јуни 2022 год., а посебно на Писмото испратено од Цариградската Патријаршија, коешто беше прочитано на седницата на Светиот Архијерејски Синод

(CAC), одржана на 30.8.2022 год., а коешто соодржи правна/канонска фикција (fictio iuris) и contra constitutionem препораки, коишто се претенциозни, интенционални, малициозни и суштински погрешни, со што ги повредува уставноста и законитоста на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија (МПЦ – ОА), и целосно побивајќи ги таквите препораки од Патријаршијата, согласно начелата actio popularis (недискриминација), sui generis (посебен Македонски род) и sui iuris (автокефална МПЦ – ОА), и врз основа на член 198, член 24 т.23 (согласноста на одлуките/законите со Уставот), ставот 11 од Преамбулата и членот 1 ст. 3 од Уставот на МПЦ – ОА, е изложен овој наш Став.

> „Amicus Plato, sed magis amica veritas“ („Платон е мој пријател, но вистината е подобар пријател“).


**ВОВЕД**

I. **Автокефалноста на МПЦ – ОА од аспект на управно (процесно) право е res iudicata (пресудена ствар)**

II. **Образложение на еклисиолошките, формално–правните и материјално–правните недостатоци на унилатералната постапка за бришење на називот (persona ficta/правно лице) „Македонска Православна Црква“ – спротивно на овластувањата од Уставот на МПЦ – ОА, како и од суштествените повреди на одредбите на постапката за доделување автокефалност и погрешна примена на материајлното право во диспозитивот на Одлуката од страна на Цариградската Патријаршија**

III. **Темата за впишување на правното лице – колективната личност олицетворена од изјавата на народот Божји за својот идентитет како „македонски народ/македонска црква“ (Persona Ficta) во (сеправославната/меѓународно) –јавната книга – Диптихот на Сеправославниот Собор**

IV. **Мисионерска територија надвор од границите на автокефалните Помесни Православни Цркви**

**ЗАКЛУЧОК**

**ВОВЕД**

Појдовна точка на секое проучување во врска со „единството“ и „автокефалноста“ мора да биде од аспект на природата на Црквата – како општо еклисиолошко својство. Тоа значи, дека црковната пракса за единството и посебноста на секоја автокефална Помесна Православна Црква мора да го одразува учењето за еклисиологијата.

Автокефалноста на секоја Помесна Православна Црква мора да се поима „халкидонски“ („без мешање [неслиено] и без поделба [неразделно]“).[1] Она неслиено и неразделно на Помесните Православни Цркви во Православието, всушност ја потврдува нивната безусловна другост (народна поинаквост), и, истовремено, со тоа – нивната заедница и, оттаму, евхаристиска заедница. Од административно–канонски аспект, пак, Халкидонскиот Собор објаснува дека постоењето на Помесните Православни Цркви во светот (во икумената) произлегува истовремено од потврдата и на гео(државно)–црковната другост – поинаквост, којашто е производ на догматскиот аспект на „неслиеност (административна одвоеност/сувереност/автокефалност) и неразделност“.

Еклисиолошкото начело на единство, ја сочинува основата на црковното право. Според ова начело, Црквата е една, бидејќи нејзината Глава е една – Господ Исус Христос. Овој факт го сочинува основното начело на нашата вера и се однесува на духовното единство коешто проникнува во Црквата. Иако Црквата е една, таа е составена од бројни Помесни Православни Цркви и во јурисдикцијата на една Помесна Православна Црква, бројни јурисдикции од локални цркви (епархии), чии што граници обично се совпаѓаат со оние на државите, односно поглавните општини во државата во кои постојат. Помесните Православни Цркви се во единство преку апостолското преемство и преку согласноста со Отците, но дополнително се управуваат независно една од друга. И покрај постоењето на бројни Помесни Православни Цркви управувани независно, суштинското единство на Црквата сè уште останува недопрено.

Јован Романидис забележал за православната црковна структура дека: „Самоопределувањето на епископите и епархиските собранија групирани во провинциски синоди беше утврден факт и во една или друга форма и остана така во текот на историјата на православните цркви“.[2] Денес Православната Црква има „санкциониран (правно регулиран) црковен регионализам во рамките на едно универзално единство на верата...“[3]

Најчесто во минатото се случувало одредена Црква еднострано да прогласи автокефален статус и неколку години подоцна нејзината автокефалност да биде признаена од другите Цркви. Постојат и други преседани, кога автокефалноста на одредена Црква било еднострано (унилатерално) доделена од нејзината Мајка Црква. Таков бил случајот со Грчката[4], Српската, Романската и Бугарската, и некои други

---

[1] Архимандрит Григориј Папатомас, *Етнофилетизам и црковна дијаспора (причинска врска)*, труд презентиран на конференцијата „Еклисиологија и национализам во постмодерната ера“, Академија за теолошки студии во Волос, Грција, 26 мај 2012 година.

[2] John Romanides, “The Orthodox Churches on Church-State Relations and Religious Liberty“, *Journal of Church and State 6* (1964), p. 183.

[3] Philip Walters, “Notes on Autocephaly and Phyletism“, Religion, *State and Society 30* (2002), p. 358.

[4] Грчката Православна Црква – Атинска Архиепископија поседува нецелосна и условна автокефалност. Таа никогаш не добила целосна автокефалност и до ден–денес не ужива целосна

цркви, чија автокефалност била доделена од Цариградската Патријаршија, но коишто биле под јурисдикција на Цариградската Патријаршија. При доделувањето автокефалност на погоре споменатите Помесни Православни Цркви од страна на Цариградската Патријаршија, Древните катедри (Александриска, Антиохиска и Ерусалимска) го „толерилале“ унилатерализмот на Цариградската Патријаршија, водејќи се од 38 канон од Шестиот вселенски собор (Трулски) „уредувањето на црковните работи да биде во согласност со државните и граѓанските работи“; а заради што тие Помесни Православни Цркви биле во државните граници на Отоманската империја. Во поново време, унилатерализам применила Цариградската Патријаршија кога доделувала „томоси“ за автокефалност на Црквата на Чешката Земја и Словачка и Православната црква во Америка, кои добиле автокефалност и од Руската Православна Црква и, истовремено, и од Цариградската Патријаршија. Во последните стотина години, во Православието настанале многу преседани (веднаш при појавата на ужасната теорија метаксакизам) коишто не останале без инциденти, притоа на една иста Црква (јурисдикција или правно лице/persona ficta) ѝ било доделувана автокефалност двапати, како што бил случајот со Црквата на Чешката Земја и Словачка, но и Полската Православна Црква.

Темата за автокефалноста била последователно вклучена во каталозите на Сеправославните комисии. Од петте Претсоборски комисии, Четвртата и Петтата комисија се однесуваа за доделување автокефалност и автономија, а коишто се одржани во 1993 и 2015 год. На овие Комисии било наведено дека **канонската надлежност за прогласување автокефалност треба да припадне на Сеправославниот Собор**. Темата за доделување статус на автокефалност првично е донесена како постапка (формално–правен закон) во 1993 год. и истата постапка е потврдена на Петтата претсоборска комисија и е формулирана на следниов начин. Мајката Црква која добива барање за автокефалност од црковен регион, којшто зависи од неа (е под нејзина јурисдикција), оценува дали се задоволени црковните, канонските и пастирските услови за доделување автокефалност. Во случај кога Архијерејскиот Собор на Мајката Црква, како нејзин врховен црковен орган, дава согласност за барањето, тој Одлуката за автокефалност, којашто содржи и формално правен предлог за сеправославно прифаќање на автокефалноста, го доставува до Цариградската Патријаршија, како прва по чест катедра, за таа да бара сеправославен консензус. За тоа Мајката Црква, значи онаа што го доделила Томосот за автокефалност (Одлуката на Архијерејскиот Собор), ги известува и другите помесни автокефални Цркви, независно од Цариградската Патријаршија, којашто, пак, ја има честа да го проследи Томосот за согласност од Сеправославниот Собор. Откако Мајката Црква ќе прогласи дека некој нејзин регион ги исполнил условите за автокефалност, таа поднесува барање до Цариградската Патријаршија да го обезбеди консензусот за автокефалност на новата Помесна Православна Црква. Потоа, таа, според сеправославната пракса, со патријаршиско писмо ги соопштува сите детали во врска со споменатото барање и бара

---

автокефалност, со тоа што, иако избира свој Синод, но Синодот не избира поглавар на Црквата, туку има Претседател на Синодот, а Претседателот на Синодот е потврдуван од Цариградската Патријаршија.

Bishop Irinej of Bačka, The topic of autocephaly is the only one worthy of Pan–Orthodox Council, *DECR Communication Service*, 2021.

https://orthochristian.com/142130.html

изразување на сеправославен консензус.[5] Четвртата претсоборска комисија ја зеде како основа предлог-одлуката која вклучуваше компромисен потстав во којшто се наведува, дека секоја Помесна Православна Црква има право да прифати барање за автокефалност од кој било нејзин дел, да ги процени предусловите за нејзино доделување и, со одлука на нејзиниот Помесен Собор, да поднесе соодветен предлог до Цариградската Патријаршија за постигнување сеправославен консензус, а за таа да ги извести другите Помесни Православни Цркви. Со сите официјални документи (одлуки, комуникеа и сл.), **надлежноста на Цариградската Патријаршија во врска со ова прашање беше ограничена на нејзината *почесна* должност** – таа да испрати соодветно Патријаршиско писмо до сите помесни цркви и да „бара“ изразување на сеправославен консензус.[6]

Меѓутоа, и откако е утврдена постапката за доделување автокефалност, во којашто се одредува исклучива и ексклузивна канонска надлежност на Сеправославниот Собор за доделување автокефалност, направен е недозволив обид за злоупотребата на материјалното право (цариградскиот мелтингпот – котел за варење со многу мирудии), со што стануваат ништовни сите претходно донесени Одлуки од страна на двете Претсоборски комисии (Четвртата и Петтата претсоборска комисија, одржани во Шамбези).

Во процесот на разгледување на темата за автокефалност во претсоборскиот процес бил постигнат консензус по однос на тоа како таа ќе се дава во иднина. Консензусот е основан на тоа, дека давањето на автокефалност треба да биде општо–православен процес во кој учествуваат сите Помесни Православни Цркви. Томосот за автокефалност треба да биде потпишан од претстоителите на сите Помесни Православни Цркви; притоа првиот потпис треба да го стави Цариградскиот патријарх, но потоа, според редоследот на Диптихот, се потпишуваат претстоителите на сите Помесни Православни Цркви.[7]

---

[5] Pre-Conciliar Commission: Autocephaly & the Way in Which It Is to Be Proclaimed. Inter-Orthodox Preparatory Commission Document: Adopted Text. Orthodox Centre of the Ecumenical Patriarchate. Chambesy, Switzerland, November 7-13, 1993. (види слично: Власије Фидас, *Канонско право*, стр.153–154)

[6] Inter-Orthodox Cooperation in the Preparations for a Holy and Great Council of the Orthodox Church, Russian Orthodox Church, Department for External Church Relations. Исто така, види и: https://mospat.ru/en/news/55009/

[7] Засега е отворено прашањето на кој начин треба да се ставаат потписите. Цариградскиот патријарх настојува неговиот потпис да биде титулиран како „Вселенски патријарх“, при што бара да биде пропратен со некоја терминологија со којашто би се потенцирало неговото првенство и би се констатирало дека тој го донесува основното решение, а потписите на другите Претстоители би сведочеле дека тие се присоединуваат кон веќе донесеното решение. Таквиот поредок на потпишување на Томосот, којшто е предложен од Цариградската патријаршија, не е соодветен за еклисиологијата на Православната Црква.

*Позиция Московского Патриархата по вопросу о первенстве во Вселенской Церкви.* http://pravoslavie.ru/67055.html

Исто така види и: Документ принят на заседании Священного Синода Русской Православной Церкви 25-26 декабря 2013 года (журнал № 157).

http://www.patriarchia.ru/db/text/3481089.html

Истовремено, тврдиме дека е делегитимирана утврдената постапка за доделување автокефалност и затоа нема важечка пропишана постапка (формално–правно, односно според управно процесно право) за доделување автокефалност, а со оглед на тоа дека: а) Сеправославниот Собор одржан на Крит во 2016 год. е непотполн, оттука и нелегитимен и б) делегитимирани (ништовни) се сите Одлуки донесени на Претсоборските конференции.

Според тоа, од формално–правен аспект (управно процесно право), логично е да се претпостави дека откако Мајката–Црква ќе одлучи да додели автокефалност на нејзиниот одреден дел, оваа одлука треба да биде поднесена на разгледување од страна на поглаварите или овластените претставници на сите Помесни Православни Цркви и, во случај на нивна согласност за одлуката, да биде завршена со издавање на Сеправославно–соборен Томос за автокефалност.

Принципот на автокефалност, со којшто работите на автокефалната Помесна Православна Црква се управуваат независно од која било друга власт од страна на друга автокефална Помесна Православна Црква, се рефлектира во раното законодавство (каноните) од Вселенските Собори.

Каноните објавени од овие Собори овозможуваат независна управа на секоја Помесна Православна Црква со помош на следново управно право:

- независниот статус на хиерархијата (непотчинетост на друга Помесна Православна Црква) на секоја поединечна црква;[8]
- правото на автокефалната Помесна Православна Црква регионално да има сопствено законодавство (јурисдикција).[9]

Принципот на автокефалност се наоѓа во ембрионски облик во Апостолскиот канон 34 и во каноните 17 од Четвртиот вселенски собор и 38 од Шестиот вселенски собор (Петто–Шести или Труслки). Првиот од овие канони зборува за: „...епископите на секој народ...“. Со овој канон се совпаѓа и канонот 9 од Антиохискиот помесен собор, кој повикува: „Епископите во секоја провинција да му признаат на епископот кој претседава...“. Преостанатите два канони, 17 од Четвртиот и 38 од Шестиот Собор, ја нагласуваат важноста на кореспонденцијата помеѓу независната црковна јурисдикција и политичката поделба на регионот во кој таа постои.

Спомнувањето на црквите што го носат името на цели територии е најпрво направено во Новиот Завет; пример, црквите во Азија.[10] Имињата на провинциите (Македонска црква)[11] или на политичката метропола на покраината (црквата во Солун[12], во Ефес итн.) за да се назначи одредена локална црква сведочат за фактот дека начелото е вклучено од апостолско потекло.[13]

[8] Канон 8 од Третиот вселенски собор.

[9] Апостолски канон 37 и канон 2 од Вториот вселенски собор.

[10] 1 Кор 16, 19.

[11] 2 Кор 8, 1.

[12] 1 Сол 1, 1-17.

[13] По напуштањето на црквите во Азија, Свети апостол Павле им ја доверува грижата на старешините од Ефес [Дела 20, 17-35], бидејќи тој бил најважниот град на целата таа област.

## I. Автокефалноста на МПЦ – ОА од аспект на управно (процесно) право е res iudicata (пресудена ствар)

Откако Српската Православна Црква (СПЦ) донела Решение за автокефалност на МПЦ – ОА (начело на самостојност во решавањето[14], а согласно Четвртата претсоборска комисија и, според тоа и начело на законитост), органот – за чиешто решение навремено не повел управен спор, а тој орган е Сеправославниот Собор (а, не Цариградската Патријаршија, како што настојува Цариградскиот патријарх да изврши супституција на функцијата Претседател на Патријаршијата и Претседател на Сеправославниот Собор, секако **предизвикувајќи судир на надлежности**)[15], до окончувањето на спорот, до донесувањето на Решението од страна на СПЦ за автокефалност на МПЦ – ОА, при што спорот е res iudicata[16] (правосилна, пресудена ствар [предмет за којшто е донесена законска пресуда]), а притоа тој орган (СПЦ) не примил жалба од странката МПЦ – ОА, затоа не можел да го поништи или измени така донесеното Решение. Ниту, пак, Судот на Цариградкста Патријаршија не би можел да го поништи таквото Решение (поништување, укинување или менување на решение), бидејќи со таквата постапка од страна на Цариградската Патријаршија ќе се повреди правото на странката (МПЦ – ОА) во управната постапка; во таков еден случај, **Цариградската Патријаршија би се појавила како ненадлежен орган за**

Истото го прави и во однос на црквите во Ахаја, кога им се обраќа на христијаните во Коринт, којшто бил метропола на провинцијата [2 Кор 1, 1]. Доделениот интегритет на одредени цркви, кои треба да се администрираат независно (автокефално/суверено), е поддржан од каноните, коишто ги нагласуваат нивните индивидуални права и прерогативи [Апостолски канони 14, 15, 34 и 35].

[14] 2 канон од Вториот вселенски собор, како и апостолските канони 34 и 37.

[15] Во случај Цариградската Патријаршија да поднесе барање за поведување постапка, како барање од странка која има правен интерес против Решението од СПЦ за доделување автокефалност на МПЦ – ОА, со основ (за којшто, сепак, не може да се изложат решителни факти, и нормално, ќе биде отфрлен од Судот на Сеправославниот Собор) за бришење на името „Македонска Православна Црква“ на правното лице (Persona Ficta), а заради впишување во (сеправославната/меѓународно) – јавната книга – Диптихот на Сеправославниот Собор, **МПЦ – ОА има право да бара иземање на Претседателот на Сеправославниот Собор,** како „службено“ лице кое е овластено да решава или да извршува одредени дејствија во постапката, но во случајот не може да постапува, бидејќи во предметот во којшто се води постапката тој е странка, е сообврзник, законски застапник на странката – Цариградската Патријаршија која ќе се јави како подносител на барање за поведување постапка – вонреден правен лек во управна постапка.

[16] Правно начело што се користи за да укаже дека спорот е конечно решен. Ова начело оневозможува повторно судење за истата предметна ствар според принципот ne bis in idem, а она што е законски определено со пресудата се смета за вистинито и конечно, според принципот res iudicata pro veritate habetur; пресудената ствар (предмет) сочинува право меѓу странките според принципот res iudicata facit ius inter partes. Според Римското право, постапката за една иста ствар (спор за којшто е донесена судска пресуда), како и во денешното правосудство, може да се суди само еднаш. Доколку некој повторно тужи, обвинетиот може да приговори на пресудената работа.

**одлучување (незаконит вмешувач) во постапка**[17], бидејќи право да одлучува за вонредни правни лекови има Судот на Сеправославниот Собор[18].

Од друга страна, пак, ако Цариградската Патријаршија, којашто не е орган со надлежност за доделување автокефалност на МПЦ – ОА, смета дека со Решението од СПЦ со кое се одлучува за автокефалноста на МПЦ – ОА настанал судир на надлежност, и со тоа на Цариградската Патријаршија ѝ е повредено некое право, тој орган (Цариградската Патријаршија) може да изјави тужба до Сеправославниот Собор (8 канон од Третиот вселенски собор). Меѓутоа, Цариградската Патријаршија не поседува ниту надлежност, ниту има канонски (правен) интерес да поднесува тужба или жалба до Сеправославниот Собор. Таа не може да дефинира правен основ во којшто подоцна ќе утврди решителни факти за спорот со МПЦ – ОА, бидејќи називот/титуларот/идентитетот не е факт, ниту догматски, ниту канонски[19], ниту дисциплинарен. Од друга страна, пак, за жал на Православието, Сеправославниот Собор е суспендиран и делегитимиран. Со оглед на тоа дека и Цариградската Патријаршија е странка во Судот на Сеправославниот Собор, којштo е врховен законодавен и судски (догматски и канонски/дисциплинарен) орган на Православната Црква, како што рековме, таа (Цариградската Патријаршија) не може да изјави посебна тужба[20], ниту да води посебен управен спор против Решението со кое се одлучува за судирот на надлежноста, во случајот помеѓу Решението на СПЦ со коешто на МПЦ–ОА ѝ доделува автокефални права, при што ѝ го признава уставното право на именување/титулирање на називот на Помесната Црква (МПЦ–ОА), како и титулирањето на нејзиниот

---

[17] Коментирајќи го прашањето за јурисдикцијата на Московската Патријаршија врз Киевската Митрополија, С. Ф. Михеев и С. Н. Остапенко, тврдат дека Руската Православна Црква – Московската Патријаршија е највисок суд за таа митрополија, затоа што 9-тото правило на Халкидонскиот собор (451) нема директни основи за судската власт на Цариградската Патријаршија за правото на највисок црковен суд за другите Помесни Православни Цркви“. Во гореспоменатиот канон, Цариградската Патријаршија, всушност била обдарена со право не на повисок, туку на алтернативен патријаршиски суд, така што свештениците од другите црковни области кои биле незадоволни од судските одлуки на своите митрополити (покрај тоа, процесуирани токму на ниво на митрополитски судови), имале право жалбено да се обратат до Цариградската Патријаршија, но никако доколку пресудата е донесена од „Великиот Егзарх“ – Врховниот суд на самата Помесна Православна Црква.

С. Ф. Михеев, С. Н. Остапенко, Происхождение современной позиции Константинпоьского патриархата по интерпретации документов 1686 г. о переподчинении Киевской митрополии, *прихожане УПЦ МП* (*Днепропетровская епархия*). Январь – май 2019 г. (статья опубликована: *ЦиВ, №3 (88)*, с. 161-234).

[18] 8 канон од Третиот вселенски собор.

[19] Етнофилетизмот, како трибалистички (племенски) принцип, или примена на националноста во Православната Црква, е обид таа идеја да се осуди од страна на Помесниот Собор на Цариградската Патријаршија (1872 год.) – како наводно еретичко учење, дека автокефалните цркви не треба да се засноваат на тој критериум, национален или јазичен; беше осуден како модерна црковна ерес, меѓутоа истиот и до денес не најде канонска/правна процесна примена (казнено–правна примена), со оглед на тоа дека врз основа на етнофилетизмот се формирани националните цркви во XIX и XX век. Првиот таков преседан е воведен со доделувањето автокефален статус на Грчката Православна Црква, а потоа и на останатите: Српската, Романската и Бугарската.

[20] Управен спор се поведува со Тужба до Управен суд, според Законот (Кодексот на канините), поточно 8 канон од Третиот вселенски собор, како канонско решение за управни спорови меѓу две Помесни Православни Цркви.

претстоител како „Архиепископ Охридски и Македонски“, од една страна и Цариградската Патријаршија, како втора странка во спорот.

И Цариградската Патријаршија може да биде странка (да биде тужена и да тужи) во постапка пред Сеправославниот Собор, како и секоја друга Помесна Православна Црква, а нема надлежност да одлучува во постапка пред Сеправославниот Собор, којшто е единствено надлежен за одлучување како највисок орган во Сеправославна управа. Значи, оваа Патријаршија е поединечен орган на црковна управа во рамките на својата јурисдикција, но, на пример, таа не е Влада (Сеправославен Собор) сама по себе, којашто може да одлучува за органите на црковна управа, ниту, пак со нејзина одлука (со одлука на Цариградската Патријаршија) можат да се формираат Помесните Православни Цркви како црковни органи, туку е орган на црковна управа како и секоја Помесна Православна Црква. Органот на управата, пример која било поединечна Помесна Православна Црква, самостојно одлучува за прашањата за коишто има пропишана надлежност со Уставот/законот или друг пропис. Но, повисокиот орган на управа којшто со одлука формира друг орган на управа, нема надлежност да одлучува за прашања од надлежност на формираниот орган. Оттука, Цариградксniта Патријаршија нема надлежност да одлучува за прашања од надлежност на СПЦ, ниту отсега па натаму и за МПЦ – ОА, ниту за која било друга Помесна Православна Црква. Цариградската Патријаршија нема надлежност да одлучува за прашања од надлежност на Сеправосалавниот Собор. Секоја Помесна Православна Црква може да обезбеди судска заштита на правата и правните/канонските интереси пред Судот на Сеправославниот Собор, и заради обезбедување на законитоста. Во управен спор меѓу две Помесни Православни Цркви одлучува Судот на Сеправославниот Собор. Помесната Православна Црква, пак, во својата јурисдикција одлучува за поединечни акти на органите на црковната управа во спорови меѓу епархиите (се одлучува за законитоста на актите на црковните органи – епархиите); затоа не може Цариградската Патријаршија да се вмешува во спорови меѓу две канонски јурисдикции на Помесните Православни Цркви, а за што е надлежен Сеправославниот Собор. Цариградската Патријаршија е еднаква пред законот/каноните (aequalitas ante legem) и во Сеправославниот Собор, но како прва по чест (primus inter pares/πρώτος μεταξύ ἴσων), таа има должност да го применува начелото на изономија (еднаквост пред законот) и има улога да го обезбедува консензусот за единството на православните цркви во соединувањето на љубовта.

И во Православната Црква управните постапки ги водат органите согласно надлежноста утврдена во материјалните закони. Материјален закон за утврдена надележност за доделување автокефалност е опишана во постапката од Одлуката од Четвртата претсоборска комисија одржана во Шамбези. Во постапката е утврдено кој орган дава автокефалност, што значи, важи начелото[21] „nemo dat quod non habet“ (никој не го дава она што го нема). Оттука, согласно Одлуката од Претсоборската комисија, и за Цариградската Патријаршија важи начелото „Nemo plus iuris ad alium transferre potest quam ipse habet“, што значи таа „не може да пренесе на друг повеќе права[22], отколку што

[21] Видете кај: Владислав Ципин, *Церковное Право*, с. 204; и кај Бранко Цисарж, *Црквено Право I* (1970), Београд: Свети Архијерејски Синод Српске Православне Цркве.

[22] Соодветен пример е прибавувањето сопственост (од страна на некој купувач) од некој што нема никакво сопственичко право, исто така, на прибавувачот му го одзема секое сопственичко право. Тоа е еквивалентно на граѓанското (континентално) право (стварно право, облигационо право и наследното право). Правилото обично останува валидно, дури и ако **купувачот не знаел дека**

самата Патријаршија има права (определени на Четвртата претсоборска комисија како права дадени за решавање на автокефалност на Сеправославниот Собор)“. Ниту, пак, Претседателот на Цариградската Патријаршија може да изврши делегирање на надлежноста за донесување решенија; надлежностите што ги има Сеправославниот Собор да ги делигира за одлучување во Цариградската Патријаршија. Претседателот на Цариградската Патријаршија има право за одлучување исклучиво за прашања и управни ствари во јурисдикцијата на Цариградската Патријаршија.

Управниот акт – Томосот или Одлуката донесен/а од Архијерејскиот Собор на СПЦ, како акт донесен од стварно и месно надлежен орган (овластен доносител) за решавање на предметната ствар – доделување автокефалност на МПЦ – ОА, го содржи неопходниот канонски (законски/правен) основ.

Управниот акт на овластениот доносител на Одлуката за доделување автокефалност на МПЦ – ОА содржи диспозитив за управна ствар. СПЦ во диспозитивот од Одлуката (Томосот) на МПЦ – ОА ѝ признава право да биде автокефална црква (со сите права – pleno iure) – со јурисдикција на територијата од државните граници на Република Македонија и во Даијаспората каде што живеат Македонци. Притоа, во одредбите од актот, на МПЦ – ОА ѝ се утврдува обврска и со обврската ѝ се остава можност по слободна волја и самостојно да решава за називот на субјектот во службена употреба со останатите помесни цркви, односно со елинофонските цркви (inter partes) самостојно да решава за називот на својата помесна црква. Во обврската не е ius strictum определен различен назив од оној назив којшто МПЦ – ОА го определила во својот Устав, што значи во диспозитивот од управниот акт, **МПЦ – ОА не е ограничена да преговара за промена на својот назив**, туку таа со останатите автокефални Помесни Православни Цркви да го усклади правниот/канонскиот назив (persona ficta/правно лице). Значи, **Одлуката/Томосот од СПЦ не ја обврзува МПЦ – ОА да преговара за промена на називот**, бидејќи за името не се преговара, а изворот на тоа право е во Божественото право (Дела 6, 5). Називот/титулирањето претставува самоопределувачка одредница на нацијата, т.е., Црквата, која само народот има право да ја определува (self–determination е едно од меѓународно–правните начела ius cogens). Во секој случај, не постои, **не е утврдена обврска да се преговара со останатите Помесни Православни Цркви, ниту за управната ствар**.

Како последица на каноничност (законитост) и правно дејство, управниот акт – Одлуката/Томосот стекнува правосилност.

Управниот акт, којшто е донесен во канонска постапка од стварно надлежен орган (Мајка – Црква), е законит и произведува одредени правни дејства, како во однос на странката на која се однесува, така и на трети лица. Во конкретниот случај, вака донесениот Управен акт – Одлука/Томос, произведува правно дејство кон сите субјекти во состав на Сеправославниот Собор (erga omnes).

---

**продавачот нема право да бара сопственост (всушност не е законит носител на правото) на предметот** на трансакцијата (искрен купувач bona fide purchaser). Во случајот, Цариградската Патријаршија лажно пренесува право (лажно претставување на факти или „misrepresentation“).

Правосилност е својство на управниот акт којшто означува негова правна непроменливост. Постојат два вида правосилности:

1. Формална правосилност – означува процесна неможност на која било странка со правни средства да побива некој управен акт (не може да употреби ниту тужба, ниту жалба).
2. Материјална правосилност – неможност на органот подоцна да го изменува, поништува или да го укинува претходно донесениот управен акт.

Управниот акт против кој не може да се изјави жалба, ниту да се поведе управен спор, а со кој се решавало за права, обврски или правни интереси на странката е правосилен управен акт. Управниот акт станува правосилен и доколку странката се откажала од правото на жалба.

Во конкртениот случај, странката за чии права се решава со управниот акт, МПЦ – ОА нема правен интерес за поднесување ниту жалба, ниту да поведе управен спор, така што во секој случај настапила правосилност.

Овој Управен акт – Томосот/Одлуката донесен/а од Архијерејскиот Собор на СПЦ, којшто е врховен законодавно – судски орган има правни својства на:

1) ИЗВРШНОСТ (ПРЕСТАЦИЈА) – УПРАВЕН АКТ што овозможува принудно да се изврши во судска извршна постапка (во случај да биде поведена постапка по тужба против која било автокефална Православна Црква, вклучително и против Цариградската Патријаршија, пред Судот на Сеправославниот Собор), односно во административно – управна извршна постапка;

2) КОНЕЧНОСТ НА УПРАВНИОТ АКТ (на Томосот/Одлуката од СПЦ од 2022 година) е својство на управниот акт којшто ОНЕВОЗМОЖУВА ПОБИВАЊЕ на истиот со редовен правен лек (правосилност на управен акт [својство на актот издаден од управниот орган коешто оневозможува побивање на истиот со правен лек] СПЦ поради конечност на управниот акт од 2022 година, повеќе не е мериторен управен орган/црковен суд, туку тоа е органот/црковниот суд – Сеправославниот Собор). Конечниот управен акт (Одлука/Томос за автокефалност на МПЦ – ОА) може да се побива само со тужба во управен спор, но во конкретниот случај во управната постапка, во која странка пред Судот на Сеправославниот Собор би била МПЦ – ОА, против овластениот управен орган за донесување на управниот акт Одлуката/Томосот за автокефалност на МПЦ – ОА, а тоа е СПЦ, така што единствено МПЦ – ОА може да поднесе тужба со која ќе заведе управен спор против донесениот управен акт, Одлука/Томос, но МПЦ – ОА нема правен интерес за поднесување тужба, така што управниот акт станува и правосилен и извршен.

Против Решението (Одлуката/Томосот) од Архијерејскиот Собор на СПЦ, како управен орган, не може да се изјави жалба, ниту да се поведе управен спор, бидејќи странката (МПЦ – ОА) стекнала определени права, односно со коешто (Решение) на странката ѝ се определиле обврски, е правосилно решение. Решението станува правосилно и кога странката (МПЦ – ОА) се откажала од правото на жалба.

Со оглед на тоа, дека Томосот/Одлуката се однесува на титуларот/канонското/правното лице Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија (МПЦ – ОА), Светиот Архијерејски Синод (САС) на МПЦ – ОА нема право ниту во Работен, ниту во Полн состав, да решава за промена на називот на субјектот МПЦ – ОА.

СПЦ при пресудувањето за доделување автокефалност употребила правен институт (правно начело) „владеење според повисокото законодавство“ (rule according higher law). Ова начело е разбирање (во врска со УНИВЕРЗАЛНИТЕ ПРАВНИ ВРЕДНОСТИ на МПЦ – ОА), прифаќање на нејзиниот Устав, а тоа, пред сè, е Преамбулата на Уставот на МПЦ – ОА. Оттука, во никој случај, не може да се владее спротивно, лично за себе (кога друг субјект се погрижил да ѝ ги овозможи нејзините универзални вредности), никој нема право (ниту САС, ниту член на САС, вклучително и Архиепископот на МПЦ – ОА) да не го употреби ова правно начело – да го отфрли универзалниот назив од волјата на Македонскиот народ, Црквата да ја нарекува Македонска.

Всушност, Цариградската Патријаршија не е стварно надлежен орган за доделување автокефалност; таа е само Патријаршија прва по чест и aequalitas ante legem (канонски/законски еднаква/рамна по власт во однос на останатите автокефални Помесни Православни Цркви). Сите одлуки коишто САС ќе ги смета за конечни, без АЦНС да ги изгласа, ќе се сметаат за ништовни, коишто не произведуваат правни дејства.

Доколку и Цариградската Патријаршија се обиде да доделува „нов“ Томос во областа на управното право, тогаш ќе настане судир на надлежност, бидејќи два органа (СПЦ, којашто е стварно наделжна и Цариградската Патријаршија, којашто не е надлежна) се прогласиле за надлежни за постапување (позитивен судир) да постапуваат по една иста управна работа. Тогаш кога доаѓа до судир на надлежноста, и при таков случај, надлежен орган за решавање е Сеправославниот Собор. При настанување на еден таков спор меѓу СПЦ и Цариградската Патријашија, и двете Помесни Православни Цркви ќе бидат странки пред Судот на Сеправославниот Собор. Притоа, ако органот во судирот на надлежноста смета дека со решението со кое се одлучува за судирот на надлежноста му е повредено некое право, тој може да изјави жалба, до Судот на Сеправолсавниот Собор. Меѓутоа, орган којшто е стварно надлежен да решава во управна работа не може да преземе определена управна работа од надлежност на друг орган. Во случајот Цариградската Патријаршија не е стварно надлежен орган да решава за управна работа во којашто надлежност има СПЦ. Значи, Решение против коешто не е изјавена жалба во управната постапка, или, пак, жалбата е искористена, а со кое странката се стекнала со некое право, односно со коешто на странката ѝ е определена некоја обврска, е конечно во управната постапка. Цариградската Патријаршија не изјавила жалба против Решението на СПЦ за доделување автокефалност на МПЦ – ОА, односно за правата и обврските што СПЦ ѝ ги определува во Одлуката/Томосот. Доколку, пак, против правата и обврските (Решението) што СПЦ со Одлуката/Томосот ѝ ги нормирала на МПЦ – ОА (задоволна странка во постапката), притоа МПЦ – ОА не изјавила жалба против Решението (Одлуката/Томосот), истото станува извршно и конечно.

Дури и во случај Цариградската Патријаршија да поднесе барање за поведување постапка за оспорување на Решението донесено од согласно закон надлежен орган за донесување, до Судот на Сеправославниот Собор, секако таквиот поднесок содржи формален недостаток што го спречува постапувањето по поднесокот, и само поради тоа може да биде отфрлен. И самиот орган што ќе го прими таковиот поднесок, не може да направи ништо за да ги отстрани недостатоците, бидејќи е спротивно на Одлуките од Четвртата претсоборска комисија каде што е опишана постапката за доделување автокефалност; во таа формално–правна постапка не е предвиден видот на жалба до управен орган заради називот/титуларот/идентитетот на правното лице коешто добива автокефален статус, ниту е донесен материјално–правен закон за тоа прашање.

Исто така, Цариградската Патријаршија не може да бара примена на вонредни правни лекови (пр. Повторување на управната постапка, Поништување, укинување или менување на решение или Барање за заштита на законитоста) во управна постапка, бидејќи орган за решавање по поднесен вонреден правен лек од странка во управна постапка е првостепениот управен орган – СПЦ; вонреден правен лек може да поднесе МПЦ – ОА до првостепениот управен орган СПЦ, доколку е незадоволна од Решението на првостепениот орган. Значи, иако постапката за добивање автокефалност на правното лице МПЦ – ОА е окончана со Решение против коешто нема редовно правно средство (МПЦ – ОА не поднела жалба до управниот орган СПЦ) во управната постапка, на тој начин, Решението од СПЦ е конечно во управна постапка. Управната постапка може да се повтори, но според услови како што се: дознавање за нови факти, или ако се најде или се стекне можост да се употребат нови докази. Како што рековме, факти и докази за називот/титуларот/идентитетот на правното лице кое добило Одлука/Томос за автокефалност од надлежен орган (Архијерејскиот Собор на СПЦ). Во конкретниот случај, не може да се истакнат нови факти и да се предложат нови докази, коишто се однесуваат на титуларот – името на МПЦ – ОА, како неизменливо право што ѝ припаѓа согласно домашното и меѓународното право, право на самоопределување и самоименување на еден народ, во рамки на својата држава и црква, кое право му припаѓа и на поединецот и на колективот (правното лице МПЦ – ОА), како ius cogens правна норма. Притоа, под конечно решение се подразбира она решение против кое не е можно да се изјави жалба, односно Решението од СПЦ за доделување автокефалност на правното лице МПЦ – ОА, бидејќи е извршно.

И покрај тоа што Цариградската Патријаршија не е странка во постапката, нема правен интерес за поднесување правни средства против Одлуката/Томосот за доделување автокефалност на МПЦ – ОА, бидејќи со таквата одлука не е засегнато во правата на Цариградската Патријаршија, како посебна Помесна Православна Црква, туку Одлуката се однесува единствено на правниот статус и називот на МПЦ – ОА; доколку Цариградскара Патријаршија (која алудира на/бара бришење на Уставниот титулар МПЦ) смета дека ѝ е нанесено некакво неправо, како помесна автокефална црква, евентуално може да поднесе Тужба до Судот на Сеправославниот Собор (како единствено надлежен за одлучување) за измена и поништување на Решението од СПЦ во врска со називот на автокефалната црква МПЦ – ОА.

## II. Образложение на еклисиолошките, формално–правните и материјално–правните недостатоци на унилатералната постапка за бришење на називот (persona ficta/правно лице) „Македонска Православна Црква“ – спротивно на овластувањата од Уставот на МПЦ – ОА, како и од суштествените повреди на одредбите на постапката за доделување автокефалност и погрешна примена на материајлното право во диспозитивот на Одлуката од страна на Цариградската Патријаршија

Схоластичките школски (богословски) системи направиле сѐ за да извршат пасивизација на лаиците во црковниот живот, притоа нарекувајќи ги мирјани (световни/непосветени). Меѓутоа, секој кој е во Црквата е лаик, член на народот Божји (λαϊκός), а сите членови заедно се народ Божји (λαός του Θεού). Схоластичкиот систем ја обессили службата на народот Божји. Епископот не може да постои без народот, а ниту народот може без епископот; не може да управува без народот. Народот Божји има дар на испитување (рецепција [прифаќање] на одлуките на Црквата) и расудување за она што се извршува во Црквата (Дела 6, 5). Епископот управува со Црквата, но не сам од себе (ex sese).[23]

Основниот уставен принцип/начело во уставната наука, смета дека „поединецот може да направи сѐ, освен она што е забрането со закон, а државата не може да стори ништо, освен она што е овластена со закон“[24]. Оттука, надлежноста за донесување одлуки, правното дејство и легитимноста на одлуките во МПЦ – ОА се пропишани со Уставот и никој нема повеќе власт од таа што му е дадена со Уставот и законите.

Проблемот настанува тогаш – кога ќе се истражи дека, всушност, САС никогаш не донел формална одлука за поднесување амандман до Архиепископскиот Црковно–Народен Собор за бришење на делот „Македонска Православна Црква“ од уставниот титулар „Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија“ (Persona Ficta), а со цел впишување во Сеправославната (сеправославната/меѓународно)–јавна книга – Диптихот на Сеправославниот Собор (Диптихот), само како Охридска Архиепископија!?

Секоја одлука којашто би била донесена од САС, а се однесува на промена на клучните определби, загарантирани со Уставот, во кои спаѓа и правото на самоопределување и правото на определување и зачувување, негување на името на нацијата и црквата, ќе биде ништовна, како одлука донесена од неовластен орган. Доколку се направат обиди за донесување нелигитимни одлуки, треба да биде поведена постапка за нивно поништување.

Ваква пракса за заштита на правото на самоопределување има и Европскиот Суд за Човекови Права и, доколку е потребно за зачувување на името/титуларот загарантирано како ius cogens норма содржана и во одредба во Уставот, ќе се поведе спор пред овој реномиран Суд. Цариградската Патријаршија како прва по чест во Сеправославниот Собор, чиј Патријарх првенствува по чест (без да има власт) меѓу останатите патријарси на Помесните Православни Цркви, е должна да го применува членот 7 од Универзалната декларација за човекови права (Universal Declaration of

[23] Николај Афанасјев, *Служење лаика у Цркви*, стр. 48, 78, 83.

[24] John Locke, *Two Tracts on Government* (1689), Awnsham Churchill.

Human Rights – UDHR), која што вели: „Сите се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација да имаат еднаква заштита од законот“[25]. Така, сите мора да бидат третирани подеднакво според законот без разлика на раса, пол, боја, етничка припадност, религија, попреченост или други карактеристики, без привилегии, дискриминација или пристрасност.

Единствено надлежен за измени во уставниот поредок е Архиепископскиот Црковно–Народен Собор на МПЦ – ОА, и за секое суштинско прашање поврзано со уставни одредби, за кои се прави обид да се изменат, мора да одлучува овој Собор на МПЦ – ОА.

Ниту една индивидуална постапка, вклучително и каква било Комисија (за преговори со Цариградската Патријаршија или како воопшто се нарекува), но и САС, немаат уставни овластувања за промена на името „Македонска Православна Црква“, со цел употреба во Диптихот само на титуларот „Охридска Архиепископија“.

Ние, како автокефална Помесна Православна Црква со правен/канонски назив (правно лице) МПЦ – ОА е невозможно да ја одделиме Охридска Архиепископија (ОА) од Македонската Православна Црква (МПЦ), бидејќи тука започнала нашата историја. Никој не може да нè присили дихотомно – дисолутивно да постапиме. Како што телото станува распадливо при напуштање на душата, таква е заемната зависност на Македонскиот со Охридскиот титулар, бидејќи МПЦ е историски и правен наследник (nominatio auctoris) на ОА.

САС не е надлежен да донесе одлука за да го промени името (уставно уредување – како МПЦ – ОА) без одлука на Црковно – народниот собор (референдум), собранието (АЦНС) коешто е врховен законодавен орган и има уставно својство на парламентарен суверенитет. САС не е надлежен да го промени името/титуларот, којшто е волја на неколку последователни Архиепископски Црковно – Народни Собори (референдум), но и статусот на автокефалност којшто е завршен факт causa finita est.

Не само јерархијата, туку имплицитно и народот има врховно право, како суверен, да се самоизмени или самоукине. Оттука, **САС е должен да постапи според членот 198 од Уставот**, **да спроведе облигаторен/компулсорен референдум**, и да го постави прашањето за бришење на титуларот „Македонска“ на референдум – на „јавна дискусија пред клирот и верниците на МПЦ – ОА“, на начин како што од МПЦ – ОА унилатерално побарува Цариградската Патијаршија или елинофонските Цркви. Ако народот преку Архиепископскиот Црковно–Народен Собор (референдум) ги прифати условите од Цариградската Патријаршија – унилатерално да ја именува само како Охридска Архиепископија, на МПЦ – ОА да ѝ го избрише називот/титуларот „Македонска“ којашто, пак, како Патријаршија не е стварно надлежен, ниту месно надлежен орган за решавање на управната ствар – назив/титулар на автокефалната МПЦ – ОА, тогаш како вкупен Собор, Соборот на јерархијата и народот (Архиепископскиот Црковно–Народен Собор), може да го спроведе и да го промени уставното име.

---

[25] „Еден закон и еднакви права да бидат за вас и за придојдениот, кој живее меѓу вас.” (4 Мојс 15, 16).

Впрочем, во правото постои принцип, одлука што е донесена на референдум (Архиепископскиот Црковно–Народен Собор) може да се промени само со нова одлука на референдум, исто како што закон можете да промените само со нов закон, не може со уредба или одлука[26]; називот/титуларот „македонска“ е донесен од Првиот Архиепископски Црковно–Народен Собор (согласо 9 став од Преамбулата на Уставот), и истиот е потврден на Вториот и Третиот, така што тој може да биде поништен или изменет само од органот што го донел – Архиепископски Црковно–Народен Собор. САС не донесува закони, туку уредби со законска сила, бидејќи според член 198, тој е само овластен предлагач за измени и дополнувања на Уставот.

Во Уставот на МПЦ – ОА е предвидено, дека само со Уставот можат да се уредат извесни прашања, односно се изменуваат или повторно се регулираат по строго утврдена постапка (чл. 197, 198, 199 и 200), предвидена за промена на Уставот. Исто така, член 1 од Уставот поставува одредба ius cogens[27], како неизменлива (перемпторна) норма од која не е дозволено отстапување, дека „МПЦ самостојно ги уредува дејностите”. Ваквите случаи се нарекуваат уставни резервати (riserva di legge constituzionale). Тоа значи, дека предметното прашање „бришење на името Македонска Православна Црква“ е исклучено од нормативната надлежност на извршната власт – САС (иако неговите одлуки имаат законска сила), и тоа прашање е во исклучителната власт (е право) на уставно–правниот орган – Архиепископскиот Црковно–Народен Собор. Една таква постапка, САС неовластено да донесе одлука за бришење на титуларот „Македонска Православна Црква“, би предизивикала судир на надлежностите помеѓу уставно–правните и законодавните со извршните органи на МПЦ – ОА. Евентуалните постапки би биле вонинституционални или actus non legitimus (уставно нелегитимни [бесправни] дејства). Постојат делови од Уставот на МПЦ – ОА кои не можат да се менуваат без согласност на Архиепископскиот Црковно–Народен Собор: Преамбулата на Уставот, каде што е запишан титуларот „Македонска“, суверeноста (автокефалноста) и постапката за уставни измени.

---

[26] Споредете кај Никодим Милаш: „Еден закон може да го поништи само еднаква или повисока власт од онаа што го донела тој закон“.

Никодим Милаш, *Православно Црквено Право*, Истина, издавачка установа Епархије далматинске, Београд – Шибеник, 2004, § 19, стр. 73.

[27] Во правната теорија е познат институтот ius cogens или ius cogens императивните норми и принципи, кои се по дефиниција највисоки (перемпторни) норми, правила и принципи, посилни и од диспозитивното т.е., пишаното право (ius dispositivum), вклучувајќи ги и нормите содржани во уставите на државите и меѓународните договори и конвенции. Овие норми не се подложни на дерогирање, за коишто норми, никогаш не е дозволено никакво отстапување (no derogation is ever permitted) (не може да се изземат (non-derogable)); неизменливи норми. Овие норми вклучуваат: право на заштита на основните човекови поединечни и колективни права и слични егзистенцијални права (геноцид, тортура) итн., како инхерентни (вродени) права, од кои државата, и да сака, не може да се откаже со пишан документ или со закон, устав или меѓународен договор, бидејќи мора да ги поседува како држава, односно државата има правна должност да ги поседува и да не ги дерогира. Овие меѓународно – правни норми произлегуваат од општествено – политичките околности, а некои од перемпторните норми дефинираат кривични дела за кои се одговорни и поединци, а не само држави. Тука спаѓаат: право на државна и народна самоодбрана, право на (национално) самоопределување (национален идентитет) и интегритет, право на недискриминација на државите, право на заштита на основните човекови поединечни и колективни права, и слични егзистенцијални (природни) права. Овде спаѓаат природните права (natural law), од кои државата не може да се откаже со пишан документ, односно со закон, устав или меѓународен договор.

Односот на Архиепископскиот Црковно–Народен Собор и САС, во хиерархиска смисла на законодавството на нормативните акти, е однос на надмоќност и субординација (потчинетост), што значи не се на исто рамниште (di parità).

Називот/титуларот persona ficta на МПЦ — ОА е уставна норма, случај каде што со Уставот е предвидено, дека само со Уставот можат да се уредат определени нормативни прашања, а не со уредба, одлука, пропис, наредба или каков било друг подзаконски акт донесен од извршниот орган САС (пр. грбот, знамето на МПЦ — ОА се утврдуваат согласно постапката предвидена за измена на Уставот); тоа значи, дека релевантното прашање, титуларот „МПЦ — ОА" е изземен од нормативната надлежност на извршната власт — САС. Врз називот/титуларот „Македонска Православна Црква", не може да се примени начелото cessante ratione legis, cessat lex ipsa[28] (кога ќе престанат да постојат основите од кои настанал закон, престанува да постои и самиот закон), бидејќи кај Македонскиот народ никогаш нема да престане да постои основот од кој настанал тој назив.

Уставите предвидуваат материја којашто има својство коешто одредува „сила на уставен закон" и ги содржи начелата на непоништливост (неможност за аброгација) и неизменливост (неможност за дерогација) од надлежноста на пониска власт, како што е САС, и таквата материја може да ја уреди само уставниот законодавец Архиепископскиот Црковно–Народен Собор, којшто има надлежност за укинување и измена, согласно пропишаната постапка во Уставот; тоа се таканаречените законодавни резервати (riserve di lege constituzionale), од коишто е исклучена секоја нормативна активност на извршната власт. Поточно, Уставот му дава надлежност на Архиепископскиот Црковно–Народен Собор да поседува апсолутен законски резерват за уредување на материјата за називот/титуларот „МПЦ — ОА". Така што, уставната норма за називот/титуларот „МПЦ — ОА" има правно својство на неповредливост (inderogabilità), коешто се сведува на тоа, дека нормите коишто ги донесува уставниот законодавец (Архиепископскиот Црковно–Народен Собор) не можат да бидат поништени и изменети, дерогирани и аброгирани, освен со посредство на уставниот законодавец, со одлука/акт донесен од Архиепископскиот Црковно–Народен Собор.

Со Уставот е предвиден облигаторен/компулсорен референдум (член 198), како уставноправно прашање par excellence, е еден од уставно предвидените случаи, кога истиот мора да се распише и не зависи од волјата на мнозинството во САС, туку од јавната дискусија пред клирот и верниците, но и од мнозинството гласови во Архиепископскиот Црковно–Народен Собор. Референдумот по уставното прашање не може да биде ниту факултативен, ниту консултативен, туку задолжителен референдум (референдум за одлучување), согласно јавната дискусија на клирот и верниците, чија одлука е императивно и правно обврзувачка за сите.

Членот 198 од Уставот на МПЦ – ОА не дозволува извртување на правото (fraudem leges) и негова злоупотреба, во спротивно САС бесправно постапува и **ја релативизира уставната релација меѓу народот и Црквата**; **ако се постапи на тој начин**, **се деконституционализира уставната релација меѓу народот и Црквата**. На тој начин, на „мала врата" одлучувањето му се одзема на народот и

[28] Правното начело е дел од Црковното право. Види кај Никодим Милаш, *Православно Црквено Право*, § 19, стр. 74.

неуставно се пренесува на пониските органи во МПЦ – ОА, а не на мнозинството одлучувачи на референдумот, што, пак, е правно недопустливо.

Аналогно на погоре наведеното, штом секоја Конвенција којашто ги крши ius cogens нормите, во коишто спаѓа и правото на самоопределување, е ништовна, така и секоја Одлука која би била донесена од страна на САС на МПЦ – ОА, а се однесува на промена на името на МПЦ (– ОА), ќе биде ништовна.

Истото **право на самоопределување има обврска да го штити и државата и Црквата**, и тоа државата пред сите меѓународни институции, а **Црквата пред Сеправославниот Собор**, вклучувајќи го правото на определување на името на нацијата, државата и Црквата.

Името „Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија" ги содржи во себе сите историски придобивки коишто ги има извојувано, задржано и зачувано Македонскиот народ како библиски назив на нацијата, која самата си го определила/определува името Македонска, и на државата во рамки на територијалните граници согласно Уставот на Р Македонија, и на Црквата во рамки на нејзината јурисдикција согласно Уставот на МПЦ – ОА на територијата во рамки на државните граници на Република Македонија, но и во Дијаспората. Оттука, неприкосновено е правото на Македонскиот народ да се самоопределува во рамки на државата и Црквата, со своето национално име Македонска! Ниту еден национален или меѓународен правен субјект, односно ниту една Помесна Православна Црква или нејзин член нема право да го укинува името Македонска како фундаментална самоопределувачка одредница на народот којшто се обединил во своја држава Република Македонија и Црква, МПЦ – ОА.

Сите ние, како припадници/членови на заедница, држава и црква, имаме не само право да се самоопределуваме, туку и обврска и одговорност, тоа право да го штитиме, и како поединци, и како колектив. Во таа смисла, секој член на САС на МПЦ – ОА, вклучително и Архиепископот, треба да биде крајно внимателен при давање изјави за внатрешната и меѓународната јавност, односно за Македонската православна и Сеправославната јавност/свет, во однос на суштински прашања поврзани со статусот, името и останатите уставни одредници на МПЦ – ОА, со обврска истите да ги штитиме во согласност со Уставот на МПЦ – ОА.

САС не е орган којшто е овластен да врши измена на Уставот и, со вакви унилатерални постапки, врши actus non legitimus (законски нелигитимно [бесправно] дејство), односно владее со вонинституционални постапки. Со Уставот на МПЦ – ОА е пропишана, точно определена постапка за негово изменување и дополнување, но не му е дадена надлежност на САС, ниту на Архиепископот, да може да го стори тоа!

Согласно на член 24 од Уставот на МПЦ – ОА, со кој е пропишана надлежноста на САС во полн состав, член 33 со кој се уредени надлежностите на САС во работен состав, како и согласно член 55 од Уставот, со кој се пропишани овластувањата на Архиепископот, не се пропишани овластувања да врши измена на името на МПЦ – ОА, ниту САС, ниту Архиепископот.

Негирањето на ПРАВОТО ЗА САМООПРЕДЕЛУВАЊЕ е противречност на перемторната (ius cogens) норма, коешто е обврзувачко право или фундаментален

ПРИНЦИП (норма) НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО. Дури и самото негирање на ова меѓународно право е еклисиолошки деструктивно, бидејќи правото на самоопределување е Божествено право, односно е нормирано во Делата апостолски од Новиот Завет. Националниот принцип, според кој, Бог го избрал стариот Израел, заменет е со принципот припадност во Црквата, но акултурацијата[29] што Грците[30] ја применуваат со векови во Православната Црква, односно нивната строго почитувана етнодоксија[31], ја забрануваат на другите народи во државите со мнозинско православно население[32]. Грците (Цариградската Патријаршија) повикуваат на „ерозија на идентитетите меѓу православните народи во мнозински православните држави[33]", сепак грчкиот поим за национална припадност е најизразен за оние што живеат во Ерусалим[34] ... и генерално продолжија да бидат Грци во дијаспората како и секогаш[35].

---

[29] Размена и ширење на една култура на поголеми простори меѓу народите и големите социјални групации.

[30] Панајотис Ватикиотис вели: „Грчкиот национализам нè претвори во фанатични Грци оптоварени со сиот игнорантски шовинизам, наместо со патриотизам". Вели: „Национализмот ја карактеризира грчката заедница, кој преку бракот се прошири и на локалното палестинско население. Гркинките кои се омажиле за локални Арапи продолжиле да воспитуваат „хеленизирани" деца".

Panayiotis J. Vatikiotis, *Among Arabs and Jews*, 1936–90 (London: Weidenfeld & Nicolson, 1991), p. 9.

[31] За грчката етнодоксија видете кај авторите:

Konstantinos Papastathis and Ruth Kark, "Colonialism and Religious Power Politics: The Question of New Regulations within the Orthodox Church of Jerusalem during the British Mandate," Middle Eastern Studies 50,4 (2014): 589–605; Sotiris Roussos, "The Greek Orthodox Patriarchate of Jerusalem: Church-State Relations in the Holy Land between the Palestinian-Israeli Conflict," in Christianity in the Middle East: Studies in Modern History, Theology, and Politics, ed. Anthony O'Mahony (London: Melisende, 2008), 219–31; Laura Robson, "Communalism and Nationalism in the Mandate: The Greek Orthodox Controversy and the National Movement," Journal of Palestine Studies 41,1 (2011): 6–23; Merav Mack, "Orthodox and Communist: A History of a Christian Community in Mandate Palestine and Israel," British Journal of Middle Eastern Studies 42,4 (2015): 384–400; Derek Hopwood, The Russian Presence in Syria and Palestine, 1843–1914; Church and Politics in the Near East (Oxford: Clarendon P., 1969); Daphne Tsimhoni, "The Greek Orthodox Patriarchate of Jerusalem during the Formative Years of the British Mandate in Palestine," Asian and African Studies 12,1 (1978): 77–121.

[32] Грчката дијаспора во Ерусалим во првата половина на дваесеттиот век не ги следеше овие модели на миграција. Имајќи цркви што зборуваат грчки, свештенството кое продолжи да доаѓа од Грција, училиштата и клубовите им помогнаа да го задржат својот заеднички идентитет. И така тие ја зачуваа својата национална припадност и ја задржаа лојалноста кон својот јазик и етничка припадност во текот на три и повеќе генерации. Еден показател за растечкиот јаз меѓу заедниците може да се види преку изборот на имиња. Одвојувајќи се од заедничките обрасци на религиозно именување, се чини дека двете заедници претпочитаа дадени имиња кои беа потесно поврзани со нивните култури и национален идентитет.

[33] Vatikiotis, Among Arabs and Jews, 19.

[34] Кога ги опишуваат грчките заедници, грчките научници претпочитаат да го користат терминот хомогенија (ομογένεια), наместо дијаспора, за да ги опишат членовите на етничките грчки малцинства во странски земји кои самите или нивните предци никогаш не живееле на грчка почва.

Yiorgos Anagnostou, "Where Does 'Diaspora' Belong? The View from Greek American Studies," *Journal of Modern Greek Studies 28* (2010), p. 85.

[35] Yiorgos Anagnostou, 85.

Суприматската тенденција на Цариградската Патријаршија преку самостојно доделување прерогативи е воведување унилатералност во Православната Црква; **нова парадигма**. **Унилатералните и автократски постапки на цариградските патријарси** предизвикаа аномија (суспензија на канонite, нормите, законите, прописите и вредностите), што, пак, доведе до дезорганизација и дестабилизација во Православната Црква. За ваквата тенденција, да се воведе етнократија (црковна администрација контролирана од доминантна етничка група, во случајот грчката) во Православието, епископот Бачки Иринеј вели: „Канонскиот неред, канонската анархија, мешањето и интервенцијата на канонската територија на другите Помесни Православни Цркви, за жал, веќе доби квазитеолошки третман и оправдување“[36].

Воопшто Цариградската Патријаршија нема возвишена положба, освен честа да биде првопрестолна катедра, улога, а не функција којашто е одредена во каноните 3 од Вториот вселенски собор, 28 од Четвртиот и 36 од Петто–Шестиот, и како таква реалност била прифатена од другите цркви на Истокот. Следствено, се чини непотребно да се засноваат тврдењата коишто ги потврдуваат прерогативите на Цариградската Патријаршија во прогласувањето независен статус (автокефалност) на друга црква, а врз основа на канонот 28 од Четвртиот вселенски собор и исклучиво кога тие постојат de facto, како што се Црквите напоменати во канонот: Азија, Понт и Тракија. Фразата што е цитирана за да го оправда ова тврдење гласи: „...така, во Понтската, Азиската и Тракиската епархија, само митрополитите и таквите епископи на горенаведените епархии како што се меѓу варварите, треба да бидат ракоположени од горенаведениот престол на пресветата Црква Цариград ...“

Како што е видливо од внимателното истражување на овој канон и од неговото толкување од славните коментатори од XII век, споменатите „епископи меѓу варварите“ припаѓаат на „гореспоменатите епархии“, т.е. Понт, Азија и Тракија. Секој обид да се толкува оваа фраза, а да значи кој било епископ на „дијаспората“ во сите наредни времиња, несомнено ќе наиде на отпор. Прашањето што треба да се постави во врска со овој канон се однесува на првобитната намера на Отците од Вселенските Собори[37] (начелото на оригинализам при толкувањето на законите).

Поради стриктната одредба на 2 канон од Вториот вселенски собор, ниту еден црковен судија (Митрополит, Архиепископ или Патријарх) од една автокефална јурисдикција, нема право да презема надлежност за предмети што се надвор од административната (управната) и судската јурисдикција на поединечната автокефална Црква. Секој патријарх или поглавар на една автокефална јурисдикција мора да одбива (судска абдикација) да учествува во предметни спорови, што се однесуваат на надворешни работи.

Концептот што Цариградската Патријаршија се обидува да го наметне – како нејзино „право“ да донесува одлуки и да пресудува надвор од својата јурисдикција,

---

[36] Bishop Irinej of Bačka, The topic of autocephaly is the only one worthy of Pan–Orthodox Council, *DECR Communication Service*, 2021.

https://orthochristian.com/142130.html

[37] Dr. Lewis J. Patsavos, Ph.D., Unity and Autocephaly: Mutually Exclusive? https://www.goarch.org/church-structure/-/asset_publisher/Le8YlyN21ysF/content/unity-and-autocephaly-mutually-exclusive-

односно таа да нема своја јурисдикција и да е Патријаршија којашто организацијата на управното право во светот ќе го базира на принципот на субординација на сите останати Помесни Православни Цркви (монократски принцип, инокосен) е ex regula – надвор од нормите/канoните на Православната Црква или actus non legitimus (законски недозволени постапки). Цариградската Патријаршија настојува унилатерално да присвои прерогативи за вршење авторитативно управна дејност – да стапува во управни односи од позиција на власт, да решава за правата, обврските и правните интереси на сите автокефални Помесни Православни Цркви. Такво право е всушност неправо и нема извор на право во ниту еден кодекс на канони, е незаконско/неканонско постапување и претставува суштински оспоруван концепт, создава проблематична/конфликтна ситуација – несогласност од останатите Православни Цркви. Толкувањето на каноничарот Зонара отфрла какво била форма и облик на власт на една патријаршија надвор од својата јурисдикција, базирајќи го своето толкување на 2 канон од Вториот вселенски собор, каде што вели дека „канонот стриктно определува и заповеда епископот да не ја шири својата власт надвор од својот регион, односно надвор од неговата епархија, во цркви надвор од неговата епархија, односно надвор од наведените граници, да не ја проширува власта надвор од јурисдикцијата, бидејќи таквата постапка ќе се смета за разбојничка инвазија, затоа не смее да појде во регионот на друг. Изразот: ‚надвор од својата област' – значи дека епископот не може да направи никаков хиерархиски поредок, ако не биде повикан".[38]

Според Јустинијановата Новела 115 (542 год.), „сите блажени патријарси, имајќи единство меѓу себе, никој не се поставува самиот пред Соборната Црква, освен ако не е носител на еретичко лудило".[39] Тому затоа произлегла иницијатива на сите автокефални Помесни Православни Цркви за формирањето на правниот/канонскиот институт „претсоборски конференции", а со цел консензуалност (слично на Ὁμολογία τῶν ἁγίων Πατέρων) на претстоителите (поглаварите) на автокефалните Помесни Православни Цркви при одлучувањето во Сеправославен Собор[40].

Желбата за апсолутна власт и неограничена моќ надвор од јурисдикцијата на која било Помесна Православна Црква, вклучително и на првиот по чест престол, Цариградската Патријашија, е оценето како постапка на пленипотенција, е вон– преданиска пракса, е секаков обид за воведување каков било епископ над епископите (episcopus episcoporum), каков било модел на самододелување прерогативи за врховни патријаршиски права на еден од патријарсите или претстоителите на авоткафалните цркви. Западот, пак, јасно го става Римскиот епископ (Папата) над сите епископи и над соборот[41], административно уредување коешто го поништило соборот, како највисок

---

[38] Канонические правила Православной Церкви с толкованиями, Второй Вселенский Собор – Константинопольский.

https://azbyka.ru/otechnik/pravila/pravila-i-sobory-pravoslavnoj-cerkvi-vtoroj-vselenskij-sobor-konstantinopolskij/j

[39] Βλάσιος Φειδᾶς, Τὸ „Αὐτοκέφαλον" καὶ τὸ „Αὐτόνομον" ἐν τῇ Ὀρθοδόξῳ Ἐκκλησίᾳ, Ἱερουσαλὴμ, 1979.

[40] Во 1961 год. на островот Родос се одржала Првата Сеправославна конференција, при што и официјално започнал процесот на подготовка на Светиот и Велик Собор на Православната Црква.

https://holycouncil.org/towards-the-council.

[41] Втор ватикански собор, Lumen gentium, 19 и 22.

црковно-управен орган, а тоа овластување, како апсолутна моќ и автократија, му е доделена на Папата. Соборот (Концилот) има советодавен карактер, бидејќи Папата не е обврзан да ги почитува неговите одлуки. Никодим Милаш во толкувањето на 36 канон од Шестиот вселенски собор вели: „Епископите на петте престоли (Рим; Цариград, Александрија, Антиохија и Ерусалим) од аспект на власта потполно се еднакви меѓу себе, а во поглед на честа (της τιμής, honoris) помеѓу нив и редоследот помеѓу нивните престоли, овој канон се востановува како постојана норма"[42].

Парадоксално звучи сложеноста на проблемот што произлегува од епископот претстоител на една Помесна Црква, кога настојува истиот модел на претстоителство да го преслика таму каде што нема кој да му ја даде таквата власт (нема извор на право), со оглед на тоа дека Вселенските собори не служат за такво нешто; самата Вселенска Црква нема своја територија, нема свој народ, оттука нема своја администрација.

Одредени иницијативи за прогласување автокефалност во Православната Црква се бранат како канонски оправдани. Унилатералност за прогласување автокефалност најмногу применува Цариградската Патријаршија, кои што иницијативи, не само што создадоа бројни канонски проблеми, туку и го ослабнаа единството на православните цркви во соединувањето на љубовта. Во литературата на канонското право постојат различни мислења во однос на постапката за доделување автокефален статус на управата на дадена Помесна Православна Црква. Исто така, каноничарите не се едногласни околу тоа дали „новите автокефалии" (XIX и XX век) имаат дефинитивен карактер или се предмет на потврда од иден сеправославен собор. Според Панајотис Трембелас, „автокефалиите и патријаршиите од Петтиот и шестиот собор и по него – и црквите: Руската, Српската, Романската и автокефалноста на Грчката, Бугарската, Полската, не можат да се сметаат за конечни, туку се предмет на пресудата на Сеправославниот собор, кој ќе биде свикан во иднина"[43].

Според Власиј Фидас, автокефалиите прогласени во XIX и XX век од Цариградската Патријаршија се „по икономија", доколку не се одлуки на Сеправославен орган, дури и да се прогласени од таканаречениот „ендимуса синод". „Непрменувањето на дадена канонска одредба во одреден случај во име на општата корист на Црквата – се разбира, без да влијае на општата важност на одредбата – претставува конечно решавање на проблемот што требало да се реши. Спротивното мислење, имено дека чинот на Патријаршискиот синод во Цариград, извршен според икономија, е предмет на поништување од страна на хиерархиски надреден собор, води до фактот дека сите правни последици од автокефалноста ќе бидат отстранети по поништувањето. Ова би било во директна спротивност со целта што ја служи икономијата. Затоа, сметаме, вели Фидас, дека автокефалиите прогласени од Патријаршискиот синод во Цариград, во XIX и XX век, не подлежат на никаков услов"[44].

Поединечно право за повторно разгледување на судските пресуди, за спорови помеѓу две автокефални јурисдикциии, нема ниту една автокефална Црква, прво

[42] Никодим Милаш, *Правила Православне Цркве с тумачењима,* књига 1, Истина, издавачка установа Епархије далматинске, Београд – Шибеник, 2004, стр. 519.

[43] Παναγιώτης Τρεμπέλας, Ἀρχαὶ κρατήσασαι ἐν τῇ ἀνακηρύξει τοῦ Αὐτοκεφάλου, *Θεολογία, 28*, 1957, σ. 22, σημ. 36.

[44] Βλάσιος Φειδᾶς, Τὸ „Αὐτοκέφαλον" καὶ τὸ „Αὐτόνομον" ἐν τῇ Ὀρθοδόξῳ Ἐκκλησίᾳ, Ἱερουσαλήμ, 1979.

бидејќи еден таков предмет има правна природа на управен спор, и второ, бидејќи секоја автокефална Црква во управен спор со друга автокефална цркв, ipso facto е странка во Судот на Сепаравославниот Собор.

Како што најпрво рековме, за барање за постапување во Општа управна постапка, не може да одлучува суд. Пример, основен суд не одлучува за барање од општа управна постапка, за кое е надлежен управен орган (СПЦ). Во конкретниот спор, што го иницира Цариградската Патријаршија во однос на автокефалноста на МПЦ – ОА и го оспорува нејзиниот назив, не е орган којшто одлучува, тој орган е СПЦ, туку таа може да биде странка во постапка пред Судот на Сеправославниот Собор, доколку иницира спор за судир на наделжности со СПЦ. Судот на Сеправославниот Собор е должен да се огласи за ненадлежен, да абдицира по предметното барање на Цариградската Патријаршија, бидејќи надлежен за одлучување е управниот орган – СПЦ. Судот на Сеправославниот Собор може да даде правна поука за подносителот (Цариградската Патријаршија) да го реализира правниот интерес пред надлежен орган, во постапка за судир на наделжности, што значи треба да го отфрли барањето (на Цариградската Патријаршија) и не мора да го проследи предметот до надлежен орган (СПЦ), бидејќи управниот акт – Томосот/Одлуката од СПЦ, е конечен, односно правосилен и извршен.

Второ, кога еден суд е стварно и месно надлежен, тогаш не се поднесува барање до Претседателот на суд, туку до судот, каде што понатаму постапува и одлучува судечки судија или совет кој е надлежен да постапува и одлучува. Во конкретниот случај, МПЦ – ОА не може да поднесува барање за впишување на уставното име (МПЦ – ОА) во Сеправославната (сеправославната/меѓународно)–јавна книга – Диптихот на Сеправославниот Собор – до Цариградскиот патријарх, ниту, пак, овој Патријарх (или Синодот на Цариградската Патријршија) не треба да издаваат „нов Томос“, туку **до Управниот суд**, **кој е надлежен да решава таков вид спор**, **а тоа е Судот на Сеправославниот Собор**, кој, пак, **одлучува како Совет на судии** (сите Патријарси, Архиепископи и Митрополити на Помесните Православни Цркви). Автокефалноста на Кипарската црква, канонски загарантирана со канонот 8 од Третиот вселенски собор, претставува типичен случај не само за канонската постапка, туку и за канонската содржина на административната автокефалност, воопшто на сите Помесни Православни Цркви. Всушност, канонската постапка определена во 8 канон од Третиот вселенски собор, е применета во формално–правната постапка од Одлуката на Четрвтата претсоборска конференција (точката 3а и 3б; Chambesy, Switzerland, 7–13 ноември 1993 година).

Значи, Цариградската Патријаршија има територијална/месна надлежност (согласно точка 2 од Четвртата претсоборска конференција, Chambesy, Switzerland, 7–13 ноември 1993 година), во рамките на својата јурисдикција, а не екстериторијална. Според точка 2 од оваа Конференција, не постои „перихореза меѓу месната наделжност и универзалната, а во однос на управната организација и единството на Православната Црква“. Не може Цариградската Патријаршија да одлучува за прашање на друга Помесна Православна Црква, бидејќи таквата постапка е ненадлежност. Пример, не може да се поднесе тужба за сопственост на имот во Македонија, а да одлучува Врховен суд на Србија или Претседателот на Врховниот суд на Србија.

Претстоителот на една Помесна Православна Црква, како што е во конкретниот случај Патријархот на Цариградската Патријаршија, нема легитимитет да одлучува за

прашања на друга Помесна Православна Црква, и спротивно, секоја автокефална Помесна Православна Црква, пак, нема екстериторијална надлежност/јурисдикција, туку само во рамки на строго утврдена територија (месна надлежност), во конкретниот случај, за прашања поврзани со црковно – правниот статус, како правно лице (persona ficta) на МПЦ – ОА во Сеправославниот Собор, апсолутно е ненадлежна да одлучува Цариградската Патријашија, причина повеќе за ова, е и фактот што МПЦ – ОА никогаш не била под јурисдикција на Цариградската Патријаршија (ако знаеме дека правниот претходник Охридската Архиепископија е укинат со државен акт на Отоманската империја, иако тоа е сторено со предлог одлука од Царигарадскиот патријарх, кој бил етнарх [милет–баши]), но и во моментот не е под нејзина јурисдикција.

Оттука, ако некој е претседател на еден врховен законодавно–правен орган на една автокефална Помесна Православна Црква (пример, Претседателот на Цариградската Патријаршија), истиот нема надлежност за одлучување и како Претседател на Сеправославниот Собор. Исто така, претседавање со орган на управа не значи дека Претседателот на тој орган има право самостојно да донесе одлука. Значи, Цариградскиот патријарх законски поседува надлежност suo iure во јурисдикцијата на својата епархија (како епархиски епископ), alieni iuris во јурисдикцијата на Цариградската Патријаршија, но како прв по чест патријарх во Сеправославниот Собор, таа должност никако не може да послужи како правен основ за инокосна власт (не е самостоен [монократски] во одлучувањето) во Сеправославниот Собор, којшто е состав на Претстоителите на сите Помесни Православни Цркви.

Во правната теорија и пракса се сретнуваат правните институти „стварна и месна надлежност“, како надлежност што му припаѓа на одреден орган за одлучување по поднесено барање во прв степен, во втор степен по поднесено правно средство (жалба), а кога законот дозволува и во трет степен кога одлучува по поднесен вонреден правен лек.

Стварно надлежен е органот којшто е овластен да донесе одлука во прв и втор степен, кога е предвидено и во трет степен.

Во прв степен надлежен да одлучува е судија поединец или совет, зависно од предметот на барањето.

Кога за одлучување по одредено прашање во прв или втор степен е предвидена надлежност на совет, истиот е составен од претседател на советот и членови. Претседателот на советот има формално–правни овластувања, коишто се точно определени со закон или друг пропис, но нема овластувања сам да донесе одлука по главното барање, туку само по одржана седница/расправа во состав на советот (заедно со другите членови во советот), по спроведено гласање, се донесува одлука.

Претседателот на советот (кога за одлучување е предвидена надлежност на совет) не може сам да одлучува за главното барање за коешто е предвидена надлежност на совет. Значи, не може самиот претседател да има надлежност за одлучување како претседател, односно не донесува одлука самостојно.

Во конкретниот случај, Цариградскиот патријарх е Претстоител на Цариградската Патријаршија и воедно Претседател на Сепаравославниот Собор. Имено, Цариградскиот патријарх, како Претседател на органот Цариградска

Патријаршија (нејзиниот Синод како врховен законодавен орган), може да донесува и да потпишува одлуки, само согласно овластувањата определени во Уставот, во јурисдикцијата на Цариградската Патријаршија, но не и одлуки на Сеправославниот Собор. Истиот, пак, како Претседател/Претседавач со седниците на Сепаравославниот Собор, нема овластувања сам да донесува одлуки по прашањата за коишто е предвидена стварна надлежност на Советот, односно на Сепаравославниот Собор, ниту самостојно да ги потпишува – без потписите од останатите ко–претседавачи – претстоителите на автокефалните Помесни Православни Цркви (патријарси, архиепископи, митрополити).

Тука се доведува во констелација и месната надлежност. Царигардскиот патријарх има месна надлежност утврдена со Уставот на Цариградската Патријашија во рамки на истата, но **нема надлежност во рамки на територијалните граници на друга Помесна Православна Црква, во конкретниот случај МПЦ – ОА**. Што значи, во сите случаи кајшто е предвидена надлежност на совет, не одлучува поединец, а претседателот на советот е всушност поединец; како таков нема право да одлучува за прашањата од надлежност на советот, без разлика што е претседател на советот. Стварната надлежност во конкретниот случај се состои во предвидена надлежност за одлучување по конкретното прашање на совет, а не на поединец.

Месната надлежност се одредува во рамки на одредена територија или територијална единица од одредена држава (јурисдикција), или конкретно помесна црква. Оттука, Царигардскиот патријарх нема ниту стварна, ниту месна надлежност да одлучува за прашања поврзани со автокефалниот статус на МПЦ – ОА и со нејзиниот назив/титулар.

Надлежноста за доделување на томос ѝ припаѓа на Мајката – Црква, во конкретниот случај СПЦ, а за сите спорови коишто би биле иницирани од одредена незадоволна странка којашто има правен интерес да поднесе иницијален акт, ќе биде надлежен да одлучува исклучиво Сеправославниот Собор.

Како што и погоре беше наведено, Цариградската Патријаршија доколку смета дека ѝ е повредено некое право треба да поднесе барање/тужба до Сеправославниот Собор, но во конкретниот случај Цариградската Патријаршија не е странка во постапката и нема правен интерес. Цариградскиот патријарх како Претседавач со седниците на Сеправославниот Собор, нема право да донесува одлуки самостојно, туку има право само поднесеното барање да го проследи до другите Помесни Православни Цркви, односно до Сеправославниот Собор. Самостојно донесување на каква било одлука од надлежноста на Сеправославниот Собор, ќе биде ништовна и не може да произведе правно дејство. Со тоа ќе бидат повредени и начелата на законитост и начелото на правна заштита.

## III. Темата на впишување на правното лице – колективната личност олицетворена од изјавата на народот Божји за својот идентитет како „македонски народ/македонска црква“ (Persona Ficta) во

**(сеправославната/меѓународно) – јавната книга книга – Диптихот на Сеправославниот Собор**

Неопходно е строго да се почитува принципот на сеправославен консензус. Сите автокефални Цркви, без разлика на нивната старост и состојбата во која добиле автокефалност, имаат еднакви права и достоинство. А статусот на Претстоителите кои не се наведени во диптисите на првите места во никој случај не е намален во споредба со оној на приматите (претстоителите/поглаварите) чии имиња се споменати пред нив во списокот.

Отсуството на целосен идентитет во диптисите што ги користеле помесните цркви во древно време, е резултат на фактот што диптисите се развиле врз основа на обичаите што се воспоставиле на одредена територија, во одредена Црква. Бидејќи отсуството на целосен идентитет на диптисите има тенденција да создаде одредени непријатности, би било пожелно соборниот ум да ја препознае потребата да се побара унифицирано мислење за ова прашање. Затоа, на некој следен Сеправославен Собор, треба да се препорача уредување на правна техника со којашто одредени практични проблеми би можеле да се решат на пригоден начин, имено, третманот на титуларот (корпорацијата) како посебен правен субјект, притоа да ѝ овозможи правна персонификација на корпоративно лице на секоја автокефална Помесна Православна Црква. Притоа, нужно е да се зачува и сегашната пракса, со којашто древните имиња на катедрите да не се поврзуваат со идентитетот на народот.

И теоријата (науката) и судската пракса истовремено почнаа да се занимаваат со прашањето на корпоративната способност, односно способноста на правните лица како правни субјекти (subiectum iuris) да бидат (или како кај физичките лица) носители на човекови права.[45]

Идејата дека народот е колективно правно лице (iuristic persone) поттикната од Божествениот закон, со догматска Заповед за личноста која е должна да се одржува како заедница – фикција на личности со посебен идентитет (уставотворност на народот[46]),

[45] Mirjam Baldegger: Menschenrechtsschutz für juristische Personen in Deutschland, der Schweiz und den Vereinigten Staaten, Duncker&Humblot, Berlin, 2017. Спореди, исто така: Giorgio Pino, Sul diritto all'identità personale degli enti colettivi, u: Il diritto dell'informazione e dell'informatica, 2001, p. 470–484; Lee A. Bygrave, A Right to Privacy for Corporations? Lenah in an International Context, u: Privacy Law & Policy Reporter, vol. 8, 2001, pp. 130–134; C. M. van der Bank, The Right to Privacy – South African and Comparative Perspectives, in: European Journal of Business and Social Sciences, vol. 1, no. 6/2012, pp. 77–86; Elizabeth Pollman, A Corporate Constitutional Right to Privacy, in: Minnesota Law Review, vol. 99, no. 1/ 2014, pp. 27–88; Kayla Robinson, Corporate Rights and Individual Interests: The Corporate Right to Privacy As A Bulwark Against Warrantless Government Surveillance, in: Cardozo Law Review, vol. 36, pp. 2283–2320; Susan McCorquodale, Corporations' Right to Privacy in Canda and Australia: A Comparative Analysis, in: Bond Law Review, 15/2003, pp. 102–109; К.А. Рывкин, Юридические лица как носители основных прав: российская и европейская практика u: Журнал российского права, br. 11, ноябрь 2007 г. (Система ГАРАНТ: http://base.garant.ru/5408036/#ixzz4bNNr12Eb, 11. 4. 2017). Кузнецов В., Конституция и права юридических лиц, u: Российская юстиция, br. 4/1997, Система ГАРАНТ: http://base.garant.ru/3540202/#ixzz4eKezENR4, (14. 4. 2017); Солдатов, Вадим Викторович, Защита конституционных прав юридических лиц в конституционном суде Российской Федерации, Научная

[46] Суверената власт на народот е крајна и неограничена, но владините тела, на пример, законодавните тела, претседателите и судовите, преку кои, тој суверенитет се врши во име на народот, се уставно ограничени и подредени.

може за одредени правни цели да препознае посебен ентитет кој, иако не е човечка единка, би се сметал, како и човековата личност, за посебна единица на права и должности. Меѓутоа, потребно е да се разбере практичната потреба од правна техника за концепција на посебен корпоративен ентитет на секоја Помесна Православна Црква, која се идентификува со идентитетот на својот народ, кој успеал уставно да се уреди со свој идентитет (конституционална личност/и, исполнет/и преку идеи, ставови и форми на здружување). Бидејќи корпорацијата може да се третира само како да е човек, иако всушност не е човечко битие самото посебе, туку како заедница на личности, правото би можело да го прошири дејството на фикцијата (желбата за колективен идентитет на заедницата), се заснова на претпоставка за постоење на човечка душа во засегнатиот субјект (правниот интерес) – идентитет на автокефалната Помесна Православна Црква – како органската (организациска) личност на човечкото битие со неговата правна личност (правен субјективитет) на целата заедница, а со тоа и сметајќи ја правната личност како атрибут и природно својство на човекот; целата заедница како правен субјект е ентитет кој носи права и должности. Затоа, се верува дека фикцијата (желбата на заедницата) за идентитет може да се примени кога е во прашање изрекување санкција за екскомуникација на корпорација (автокефална Помесна Православна Црква) која паднала во ерес или раскол. Во таков случај на постоење на автокефална Помесна Православна Црква со свој правен (уставен) субјективитет (правниот идентитет/persona ficta), доколку некоја автокефална Помесна Православна Црква не го почитува овој познат принцип наречен доктрина за „непочитување на корпоративниот ентитет“, таквата автокефална Помесна Православна Црква треба да биде санкционирана, дека не го почитува уставниот идентитет на заедницата на личности олицетворена (оличноснета) во правниот субјективитет; како во случајот што Цариградската Патријаршија (и елинофонските цркви) не го почитува уставниот идентитет на народот што ја формирал и ја одржува МПЦ – ОА. Правниот лик на корпоративно тело на една автокефална Помесна Православна Црква не е само фикција (желба), туку тоа е исто толку реално, колку и правната личност на поединецот како човечко битие. Затоа концепцијата на „корпоративна личност“ на една автокефална Помесна Православна Црква изразува правна реалност, односно реалност од правна гледна точка, ништо повеќе и ништо помалку. Според тоа, не правното лице како такво, туку поединците (личностите, поврзани во заедница) зад него на кои навистина им припаѓаат правата, кои надворешно се јавуваат како права на правното лице, пред сè правото на самоопределување (self–determination), коешто е едно од ius cogens начелата; интерес што е претставен од поголема група граѓани, односно заедница, Божји народ олицетворен во автокефална Помесна Православна Црква, поседува човекови права базиран на контекстот на actio popularis (еднаквост во меѓународните права и недискриминација).

## IV. Мисионерска територија надвор од границите на автокефалните Помесни Православни Цркви

Thomas Hobbes, *Leviathan*, Part 1, Ch. 13.

Православната Црква воопшто не може да има надворешна мисија, во услови кога мисионерската територија (partes infidelium) се наоѓа надвор од границите на автокефалните Помесни Православни Цркви. И самата Цариградска Патријаршија нема право на мисија, бидејќи 28 канон од Четвртиот вселенски собор не им дава специјална положба во тој поглед[47]. Според фраудизираните идеи на Цариградската Патријаршија, пак: „Ниту една автокефална Црква или престол не може канонски да ја прошири својата власт надвор од своите области (диецези или јурисдикции), освен нашиот свет, апостолски и патријаршиски вселенски престол, кој врз основа на привилегијата што му е дадена да посветува епископи во варварските земји... , има целосно право да има цркви во странство под своја духовна заштита". Главната основа за својата „теорија за дијаспората", Грците ја гледаат во 28 канон од Халкидонскиот Собор. Грците изведуваат заклучок, дека автокефалните Цркви, освен Цариградската Патријаршија, немаат право да праќаат епископи надвор од државните граници на своите народности, бидејќи тие земји во дијаспората не биле од самиот почеток под нивна управа.

Никако не може да се најде смисла во новата грчка теорија за организирање на иселените православни народи во дијаспората, на начин на којшто ја презентираат новите грчки канонисти.

Проф. Сергеј Троицки тврди дека Цариградската Патријаршија не добила исклучиви права врз основа на 28 канон од Халкидонскиот Собор[48], ниту ги лишила останатите автокефални Помесни Православни Цркви од нивните права во тој поглед. Канонот не доделил права за целокупната дијаспора, туку ги лишил од правата трите Цркви (Азија, Понт и Тракија), коишто ги изгубиле своите автокефални права и тие права ги пренел, во тој обем, во којшто овие три цркви ги имале правата врз дијаспората (кај варварите на трите региони: Азија, Понт и Тракија), на Цариградската Патријаршија.[49]

---

[47] Но, тоа би значело негирање на Заповедта од Самиот Христос, Кој е Основач на Црквата, но и апостолите, кои добиле власт: „Одете и научете ги сите народи" (Мт 28, 19; Мк 16, 15). Меѓутоа, таа Заповед е ius divinum, со којашто ниту еден канон не може да буде во противречност.

[48] „Епископите кај варварските народи во речените диецези (Азија, Понт и Тракија), ќе бидат поставувани од престолот на Цариградската црква".

Сергије Троицки, *Црквена јурисдикција над православном дијаспором* (1932), Сремски Карловци: Српска манастирска штампарија.

[49] Канонот 28 определува дека на Цариградската Патријаршија ѝ ги предава правата во однос на дијаспората, која порано им припаѓала на *понтиските*, *азиските* и *тракиските* епархии, и воопшто не ѝ дава ексклузивна јурисдикција над дијаспората. За ова се согласуваат сите тројца канонски толкувачи (Зонара, Аристин и Валсамон), а Валсамон не се согласува со претходните толкувања само во определувањето на границите на Тракиската епархија. „На Цариградскиот епископ, пишува Јован Зонара, му е доверено ракополагање на епископи меѓу варварските народи, кои се во речените диецези (јурисдикции), како што се Алани и Роси, бидејќи првата граничи со Понтиската епархија, а Росите со Тракиска епархија" (Ат. Синт. II, 283). „На цариградскиот епископ, пишува Аристин, подлежат само митрополитите на Понт, Азија и Тракија, кои од него добиваат ракополагање, а исто така и епископите на варварите во овие епархии, бидејќи епархијата Македонија и Илирик и Тесалија и Атика и Пелопонез и целиот Епир и (варварите) од луѓето во него тогаш биле под власта на римскиот епископ". (Ат. Синт. II, 286). „Епархиите кај варварите, пишува Валсамон, тоа се Аланија, Росија и другите, бидејќи Аланите се понтијска дијецеза, а Росите се тракијска" (Ат. Синт. II. 285). Во Синтагмата од Матиј Властар се вели: „На Цариградскиот епископ му е дозволено да ракополага епископи меѓу варварските народи, **во пограничите региони на диецезите коишто му се потчинети**,

Каноничарот Никодим Милаш во првата книга „Правила со толкувања“ го коментира 28 канон од Халкидонскиот Собор, и говори само за правата на Цариград, дека единствено може да праќа епископи кај тие народи во регионите: Азија, Понт и Тракија, коишто од него примиле христијанство, но исклучува секаков поим којшто се однесува на какво и да било право на Цариград во поглед на управата врз целата православна дијаспора, а какво што право не би имале останатите автокефални цркви.[50]

Според мислењето на Руската Православна Црква, „ниту една од Помесните Православни Цркви нема посебна, ексклузивна или сеопфатна јурисдикција над целата православна дијаспора; се отфрла секое мешање на една Православна Црква во развојот на црковната дијаспора на другите Цркви; нередот на плуралноста и контрадикторноста на многубројните јурисдикции и јурисдикциски односи во православната дијаспора треба да се излечи со напорите на сите православни цркви кои имаат своја дијаспора и кои... носат одговорност за сегашноста и иднината на оваа дијаспора; правилното решение на проблемот со дијаспората бара сите, во име на единството и благосостојбата на светото Православие, да тргнуваат не само од посебните интереси на своите Цркви, туку и од разбирањето на она што е неопходно и што е корисно за светото Православие како целина во земјите од дијаспората; православните цркви во дијаспората, кои настанале како резултат на мисионерските достигнувања на одредени Помесни Православни Цркви и поради големиот собир на православни доселеници, треба постепено да се претвораат во нови помесни цркви, добивајќи автокефалност (или, прво, автономија) од нивните Мајки цркви и признание од останатите сестрински цркви“[51].

Corpus iuris (според супстратот од каноните), проблемот со дијаспората бил разгледан од Меѓуправославните подготвителни комисии во 1990 и 1993 година и од Конференцијата на православните канонисти во 1995 година, била усвоена договорена Одлука од Сеправославната претсоборска конференција во јуни 2009 година. Во завршниот документ на Конференцијата се наведува дека: „Во сегашната фаза е невозможно... да се обезбеди итно преминување кон строго канонскиот поредок на Црквата во однос на овој проблем, односно да има само еден епископ на едно место. Од истата причина беше договорено да се предложи преодна одредба која ќе постави основа за строго канонско решение на проблемот“[52].

---

како Аланите и Роситe, бидејќи првата се граничи со Понтиската, а втората со Тракиската епархија. (Е, 11; Ат. Синт. VI, 257). Гледаме, значи, дека сите овие стари авторитативни каноничари тврдат дека Халкидонскиот Собор на Цариградскиот епископ му го дал само тоа право во однос на дијаспората, која пред тој собор припаѓала на епархиите од Понт, Азија и Тракија, т.е. правото да се испраќаат епископи за дијаспората само на териториите што се граничат со тие епархии, а Зонара и Аристин, дополнително, посочуваат дека дури и на Балканскиот Полуостров правото да се испраќаат епископи за дијаспората во сите провинции, освен Тракија, не им припаѓало на Цариградскиот епископ, туку на Римскиот епископ.

Сергије Троицки, *Црквена јурисдикција над православном дијаспором* (1932), Сремски Карловци: Српска манастирска штампарија.

[50] Епископ Никодим Милаш, *Правила с тумачењима*, књига I, стр. 309.

[51] Inter-Orthodox Cooperation in the Preparations for a Holy and Great Council of the Orthodox Church.

[52] Исто.

Implicite, во името на правата на автокефалност на секој народ, исто така и МПЦ – ОА мора да ги задржи правата врз својата македонската дијаспора секаде во светот.

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед на тоа, дека Цариградската Патријаршија ги отфрлаат сите апсолутни идеи за еклисиологија, канони, црковно право, право, меѓународно право и правда, а a fortiori позицијата на природното право на самоопределување, коешто, истовремено е и Божествено право, цениме дека треба да се оспори обидот од Цариградската Патријаршија да ни наметне под октроирани услови да прифатиме имплементирање нејзина Одлука, што, впрочем, ќе биде правен имплант, а којшто е незаконит и неуставен. Четвртата претсоборска комисија утврди постапка, којашто, всушност е и материјален закон, во којашто е утврдена надележност за доделување автокефалност. Во постапката е утврдено кој орган дава автокефалност, што значи, важи начелото „Nemo plus iuris ad alium transferre potest quam ipse habet“, што значи таа „не може да пренесе на друг повеќе права, отколку што самата Патријаршија има права, ниту, пак, Претседателот на Цариградската Патријаршија може да изврши делегирање на надлежноста за донесување решенија, за прашања и управни ствари што не се надлежност на јурисдикцијата на Патријашијата. Со Одлуката на Цариградската Патријаршија, со којашто се оспорува Одлуката за автокефалност од СПЦ и називот на МПЦ – ОА, како и одземањето на управата врз дијаспората, Патријаршијата врши суштествени повреди на одредбите на постапката од Четвртата претсоборска конференција и погрешна примена на материјалното право. Исто така, **Цариградската Патријаршија врши и суштествена повреда на одредбите на постапката во однос на надлежноста за одлучување**. Одлуката на Цариградската Патријаршија со којашто на МПЦ – ОА (дихотомно и дисолутивно да ја одвои „Македонска“ од „Охридска“) и определува да изврши промена на називот и таа да не ја прифати Одлуката/Томосот од СПЦ за автокефален статус, е всушност **Одлука донесена од ненадлежен орган**; Цариградската Патријаршија е ненадлежен орган за изрекување таква одлука. Значи, **Судот на Сеправославниот Собор е надлежен за одлучување во спор помеѓу две Помесни Православни Цркви или за судир на надележности**.

Исто така, ниту САС, ниту кој било друг орган (Архиепископ, Комисија за надворешни работи или сл.), освен Архиепископскиот Црковно–Народен Собор, преку задолжителен референдум – широка дискусија во Епархиските собранија, за јавна полза (utilitas publica) на народот (за Одлуката од Цариградската Патријаршија за бришење на називот/титуларот „МПЦ“), не може да се смета за слободен, на неумесен, арбитрарен, самоволен и крајно произволен начин (унилатерален) да дорегулира прашања по свое наоѓање, секогаш кога за тоа нема да најде изречна забрана во Уставот (како супериорен и највисок правен акт – lex specialis), бидејќи никој не е изземен и од останатите канонски/правни начела и нема право да донесе одлука за измена на називот „Македонска Православна Црква“ и нема право да ја занемари Одлуката/Томосот за автокефалност донесен од Архијерјскиот Собор на СПЦ, бидејќи МПЦ – ОА навремено не поденела жалба до првостепениот орган којшто ја донел таа Одлука/Томос, е правосилен и извршен. Како што се вели во „правните основи и

положби“ на Уставниот суд на Р Македонија, „суштината на овој Суд е во функција на уставноста и законитоста и на владеењето на правото, а што значи: дека нема повисок устав од Уставот и дека нема повисок закон од законот; дека никој нема повеќе власт од таа што му е дадена со Уставот и законите“; аналогно, и на надлежностите на Архиепископскиот Црковно–Народен Собор имаат суштина, дека никој нема повеќе власт од таа што му е дадена со Уставот на МПЦ – ОА. Кохерентноста на називот МПЦ – ОА, исто така, е неизменлив уставен резерват со називот на Претстоителот на МПЦ – ОА – „Архиепископ Охридски и Македонски“, е императивна уставна норма (inderogabilità, unavoidability, mandatoriness).

Одлуката на Цариградската Патријашија е спротивна на смислата на супстратот на доделената црковна автокефалност од СПЦ на МПЦ – ОА (суверенитетот), но и суверенитетот на народот за самоопределување, дозволувајќи си директно мешање во внатрешните работи на автокефалните Помесни Православни Цркви и доведувајќи ги во положба на потчинетост (субординираност) и зависност спрема себе, иако **Цариградската Патријаршија е ненадлежен орган за решавање на некаква управна работа што е во јурисдикција на двете Помесни Православни Цркви, СПЦ и МПЦ – ОА**. Вмешувањето на Цариградската Патријаршија внесува огромна доза на канонска/правна несигурност и се противи на воспоставениот формално–правен систем на законито определена постапка, во формална и материјална смисла, а дефинирана на Четвртата и потврдена на Петтата претсоборна комисија во рамките на Северославниот Собор, одржан во Шамбези.

„Македонското* име, нема да загине!“

* опасноста од исчезнување името како библиско наследство.

Благодарност на Неговата Светост, Српскиот патријах г. Порфириј, што порелевантно му беше „владеењето на правото/канините, отколку владеењето на кој било поединец“, и што повеќе–деценискиот спор меѓу СПЦ и МПЦ, го реши со акт на конвалидација.

Благодарност на Неговата Сесветост, Цариградскиот патријарх г. Вартоломеј I што ја прифати МПЦ – ОА во евхаристиска заедница, ја призна за канонска јурисдикција, прифаќајќи ја автокефалноста што СПЦ ја додели на МПЦ – ОА и што ќе се заложи за обезбедување сеправославен консензус.

Светиот Дух да ја испрати благодатта и со текот на времето да се излечи состојбата што има тенденција да прерасне во раскол во Православната Црква. Оние што имаа придонес во создавањето, што побрзо да го дочекаат денот на исцелувањето; нивните срца да бидат „затоплени“ од благодатта на Светиот Дух, та во себе да го пројават духот на соборноста и на братската љубов.

Го чекаме и денот кога Православната Црква ќе одржи Сеправославен Собор и таму МПЦ – ОА ќе ги изложи своите аргументи за неизменливоста на својот назив „Македонска и Охридска“ Црква и „Македонски и Охридски“ Архиепископ.

**МИТРОПОЛИТ**

Кумановско–осоговски